РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1766/4
22-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена со број 12-1766/1 од 13.06.2025 година, во која е изразено незадоволство од претходно донесена одлука на ДКСК по друг предмет со исти наводи за сомневање за незаконитости во работење на АД ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај ДКСК се има произнесено и останува на веќе искажаниот став содржан во Одлука бр.12-1025/3 од 07.06.2023 година донесена по предметот со број 12-8483 од 2022 година.

Предметот со број 12-1766/1 од 13.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 13.06.2025 година, поднесена е пријава со наводи за постапување во друг предмет заведен со број 12-8483/1 од 2022 година по кој ДКСК постапувала и донела одлука со број 12-1025/3 од 07.06.2023 година, а поврзани со наводи за сомневање за незаконитости во работење на АД ///. По ново поднесената пријава е оформен предметот со број 12-1766/1 од 13.06.2025 година.
ДКСК утврди дека наводите на кои упатува подносителот во пријавата заведена со број 12-1766/1 од 13.06.2025 година се истите кои се содржани во друга пријава по која ДКСК има оформено предмет со број 12-8483/1 од 28.09.2022 година, постапувала и има донесено Одлука бр.12-1025/3 од 07.06.2023 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на сите расположливи податоци во врска со предметните наводи, ДКСК утврди дека за пријавениот случај, веќе постапувала и се произнела со свој став содржан во Одлуката бр.12-1025/3 од 07.06.2023 година донесена по друг предмет заведен со број 12-8483/1 од 2022 година, па оттаму заклучи дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК